# Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум за византиски и средновековни студии

# VIII ДЕНОВИ НА ЈУСТИНИЈАН I

Скопје, 12-13 ноември, 2020

Уредник
Митко Б. Панов

# Религија
# Religion

# Proceedings of the International Symposium on Byzantine and Medieval Studies

# VIII DAYS OF JUSTINIAN I

Skopje, 12-13 November, 2020

Edited by
Mitko B. Panov



Институт за национална историја - Скопје

# Религија

## Зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I“, Скопје, 13-14.11.2020 г.

Уредник

Митко Б. Панов

Скопје, 2021

Издавач:
Институт за национална историја - Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лекторка:
Јордана Шемко Георгиевска

Техничка обработка:
Игор Панев

Печати: ДПТУ Контура ДОО Скопје

Финансиски поддржано од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

2(495.02)"653"(062)
930.85(495.02)"653"(062)

РЕЛИГИЈА : зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии "Денови на Јустинијан I" : Скопје, 13-14.11.2020 г. / уредник Митко Б. Панов. - Скопје : Институт за национална историја, 2021. - [340] стр. : илустр. ; 24 см

Текст на мак. и англ. јазик. - На наспор. насл. стр.: Religion Proceedings of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I" : Skopje, 13-14 November, 2020 / edited by Mitko B. Panov. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4981-00-8

а) Религија -- Византија -- Среден век -- Собири б) Културна историја -- Византија -- Собири

COBISS.MK-ID 55299589

**Уредник**
Митко Б. Панов

**Меѓународен научен комитет**
Флорин Курта, *Универзитет во Флорида*
Митко Б. Панов, *Институт за национална историја, Скопје*
Донатела Бијаѓи Маино, *Универзитет во Болоња*
Елизабета Димитрова, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Драги Ѓорѓиев, *Институт за национална историја, Скопје*
Хрвоје Грачанин, *Универзитет во Загреб*
Ендрју Роуч, *Универзитет во Глазгов*
Ѓузепе Маино, *Универзитет во Болоња*
Георги Николов, *Универзитет во Софија*
Витомир Митевски, *Македонска академија за науки и уметности, Скопје*
Гордана Силјановска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Каролин С. Снајвли, *Гетисбург колеџ*
Виктор Лилчиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Александар Спасеновски, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Иванка Василевска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Мишо Докмановиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Рубин Земон, *Центар за напредни студии, Скопје*
Јане Коџабашија, *Сојуз на композитори на Македонија*

**Секретари на редакција**
Драган Ѓалевски, *Институт за национална историја, Скопје*
Игор Панев, *Филозофски факултет, Скопје*

**Edited by**
Mitko B. Panov

**International Scientific Committee**
Florin Curta, *University of Florida*
Mitko B. Panov, *Institute of National History, Skopje*
Donatella Biagi Maino, *University of Bologna*
Elizabeta Dimitrova, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Dragi Gjorgiev, *Institute of National History, Skopje*
Hrvoje Gračanin, *University of Zagreb*
Andrew Roach, *Glasgow University*
Giuseppe Maino, *University of Bologna*
Georgi Nikolov, *Sofia University*
Vitomir Mitevski, *Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje*
Gordana Siljanovska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Carolyn S. Snively, *Gettysburg College*
Viktor Lilčić, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Aleksandar Spasenovski, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Ivanka Vasilevska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Mišo Dokmanović, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Rubin Zemon, *Center for Advanced Studies, Skopje*
Jane Kodjabasija, *Composers' Association Of Macedonia*

**Editorial Secretaries**
Dragan Gjalevski, *Institute of National History, Skopje*
Igor Panev, *Faculty of Philosophy, University, Skopje*

# СОДРЖИНА / CONTENTS

Предговор / Foreword ix
*Митко Б. Панов*

1. Un nuovo inizio. La nascita dell'Ortodossia dopo la restaurazione delle immagini (843)
*Antonio Rigo* 21

2. A Search for Russian Monastic Legitimization
*Christian Raffensperger* 33

3. Slavery, Religion and the Prus
*Andrew Roach* 44

4. Sacrifices and funerary customs in the religious context of the Early Slavs
*Georgios Kardaras* 60

5. Kōnstantinos VII Porphyrogennētos between Islamic al-Andalus and Judaic Khazaria
*Alex M. Feldman* 74

6. Ohrid Archbishopric and Ecclesiastical Identity in Byzantium
*Mitko B. Panov* 82

7. Секундарните грешки на Латините според Лав Охридски
*Виктор Недески* 93

8. Познавањето и рационалноста во спорот помеѓу св. Григориј Палама и Варлаам
*Илче Мицевски-Игнат* 105

9. St. Demetrius of Thessaloniki and St. Theodora of Arta: two Byzantine hagiographical models between East and West
*Salvatore Costanza* 118

10. An unpublished euchologion manuscript of Chortaitis Monastery (mid. 14th c.)
*Ilias Karalis* 133

11. From "Coats of Skin" to the "Robe of Glory": On the (ascent/descent) journey of allegory in the Visio Isaiae and Interrogatio Iohannis and beyond
*Bojana Radovanović* 155

12. The Bogomil and Cathar Teaching of the Birth of Jesus. through the Ear of the Virgin Mary
*Dick Van Niekerk* 166

13. The Subject of Catharism in the Polemic between Catholics and Protestants from the 16th to the 19th Century.
*Łukasz Lichter* 180

14. Богомилството во уметничко-книжевниот израз и во популарната култура во Македонија (примери од XX и XXI век)
*Маја Ангеловска - Панова* 189

15. Ecclesiastical processions in Byzantine diplomacy and their impact in imperial foreign policy
*Dragan Gjalevski* 201

16. North to south or south via south east". Complexities of Byzantine cultural and religious missions to the Horn of Africa and Sinai in the milieu of the Axumite Empire
*Václav Ježek* 222

17. The Legacy of Livorno: Trade, Corruption and Religion in the development of the Free Port Mechanism
*Chloe Fyfe* 242

18. Religion and Science in Medieval Islamic World
*Giuseppe Maino* 254

19. Да се биде православен. Морални параметри за оформување на православниот идентитет во Христовата Црква
*Стефан Гоговски* 272

20. Имињата за Бог и границите на религиозниот јазик кај Псевдо-Дионисиј Ареопагит и Џон Скот (Ериугена)
*Марија Тодоровска* 284

21. Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци
*Анета Јовковска* 296

22. Религиската едукација – македонското и европското искуство
*Ѓоко Ѓорѓевски* 312

23. Imprisonment of Women in the Sixth Century Papyri
*Daniela Tosheva* 324

24. Минијатурата број 345 од Менологот на Василиј II (*Cod. Vaticano Greco 1613*)
*Васил Ѓоргиев - Ликин* 331

25. Убавицата и гусарот. Описите на хероини како пример на екфразата во византискиот роман во времето на Комнените по примерот на Роданте и Досиклес од Теодор Продром
*Маќеј Хелбиг* 340

26. Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем)
*Иванка Василевска* 353

27. Претставите од првата зона на припратата во Топличкиот манастир
*Јехона Спахиу Јанчевска* 363

28. Medieval Cistercian's Meditative Minds to Gods with Sacred Spaces and Ornamentation in Simplicity as a Living Heritage
*Hee Sook Lee-Niinioja* 385

29. Theotokos: Temple of God. A new 18th century Greek icon on the Presentation of Our Lady in the Temple
*Miguel Gallés* 399

30. Развојот на црковното пеење од византиската традиција кај поединени балкански народи во XIX и XX век
*Јане Коцабашија* 409

# 26

# Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем)

*Иванка Василевска,* Правен Факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

UDC 34:342.1(495.02)

**Abstract:** Strictly centralized state and legal apparatus characterized the Byzantine Empire. The character of the arrangement was undoubtedly autocratic because the legislature, the executive and the judiciary were concentrated in the hands of the emperor. The diarchy introduced by Emperor Augustus for the joint rule of the ruler and the senate did not succeed in practice for a long time, and from the entry into power of Emperor Diocletian until the fall of the Empire, with few exceptions, was directly concentrated in the hands of the ruler. In that sense, the peculiarity of the Empire is the meaning of law. Although it came directly from the emperor and was a metaphorical source of the Byzantine law, legal norms and codifications were extremely important and they were a kind of brake or more precisely a compass in autocratic rule. Although is defined in science that the term Byzantine law itself did not represent the same legal order, and especially in the period from the sixth to the ninth century, the foundation on which it was built is found in the Roman legal foundations. It is important to emphasize that with the development of state-legal relations in Byzantine society, because of the changes in the Empire, the law gained medieval contours,

although certain branches of law retained the principles that were structured in the time of Justinian. Despite all the changes, it is evident that the thesis of the sovereignty of law remained a lasting principle throughout the reign of the Byzantine Empire. Therefore, the aim of this paper is to present the sources of Law in the Empire and their developmental stages. In the form of a comparative analysis in which will be presented different types of legal acts, such as the Ekloga, the Law of Judgment of the People, the Agricultural Law (Nomos Georgikos), the Nomocanon of John the Scholastic and the Nomocanon of 14 titles.

Римската империја ја претставувало основата на државниот развој на Византиската империја. Како резултат на големата економска криза во текот на III век од н.е., настапил Диоклецијановиот доминат, од кого проникнала византиската автократија за сметка на римскиот принципат. Целата државна управа се сконцентрирала во рацете на императорот и неговиот државен апарат, кој станал 'рбетот на византиската автократија.[1] Врховната магистратура не била повеќе царско достоинство, туку деспотска власт, и истата се помалку се засновала на реалните политички чинители на теократскиот систем на владеење. Сенатот, војската и градското население, организирано во деми, претставувале политички чинители кои во рановизантискиот период, видливо го ограничувале царскиот апсолутизам. Но, со текот на времето, нивното значење се повеќе слабеело. За сметка на тоа, црквата постепено се здобила со сè поголемо значење во Византиската империја. Додека во рановизантискиот период, потпирајќи се врз римските традиции, императорот речиси неограничено владеел со црквата, веќе во Средниот век црквата во Византија неизбежно се стекнала со поголема моќ. Во Византиската империја судирите помеѓу црквата и државата не биле толку карактеристични колку што била карактеристична тесната врска и соработката помеѓу нив. Напоени со исти идеали и цврсто поврзани со заеднички интереси, државата и црквата дејствувале во симфонија која воедно го означува и особениот карактер на византискиот модел на владеење.[2] Но овој сојуз неизбежно ја довел црквата под покровителство на моќната царска власт. Така решавачка позиција на царската власт над црковната останува типична за Византиската империја во сите времиња. Царот бил врховен водач на војската, врховен судија, законодавец и бранител на црквата и православната вера. Из-

1 Георги Острогорски, Историја на Византија (Скопје: Наша Книга, 1992), 43.

2 Biljana Popovska, Ivanka Dodovska, "The Relationship between the Church and the State in the Byzantine Empire" *Iustinianus Primus Law Review* 4/3 (2012).

дигнат над сè човечко и земно, тој бил во директна врска со божественото и станал предмет на посебен верско-политички култ. Од ден во ден тој култ се манифестирал низ импресивните церемонијални обреди на царскиот двор, се одразувал во секоја слика која го прикажувала царот како христољубив владетел, во секоја работа врзана за неговата сакрална личност, во секој збор што му е упатен или што тој самиот јавно го изговарал.[3]

Римската држава и византиската култура на византиска почва сраснале во еден нов витален организам и нераздвоено се споиле со христијанството, во кое старата држава и старата култура ја гледале својата најсилна негација. Византиската империја грижливо го негувала културното наследство од антиката, не откажувајќи се ни од паганската уметност, ни од паганската мудрост.

Римското право останало во сите времиња основа на нејзиниот правен живот и правна свест, а хеленската култура, основа на нејзиното образование. Античката филозофија, поезија и историографијата биле постојана инспирација во секојдневниот живот на Империјата. Во поглед на Православната Црква, истата и самата ги прифатила поимите на паганската филозофија и се служела со нив при изградувањето на своето догматско учење. Потпирајќи се врз традициите на античката култура, Византиската империја со векови останала најголем светски културен и просветен центар. Поседувала единствена управна организација и добро образован државен апарат, одлично опремена војска со надмоќна воена техника и со високо развиен стопански и финансиски систем, Империјата располагала со огромни богатства врз кои ја засновала својата моќ.

Во историско-правната литература византиската правна историја се дели на пет периоди, и тоа:

1. Од Јустинијан до почетокот на VIII век. Овде најзначаен извор на правото било Јустинијановото законодавство и римското право. Други извори на правото биле: Номоканонот на Јован Схоластикот од 50 титули и Номоканонот од 14 титули, од почетокот на VII век;
2. Од почетокот на VIII век до средината на IX век - периодот на иконоборците. Најзначајни извори на правото донесени во овој период биле: Еклогата, Земјоделскиот, Поморскиот и Воениот закон.

3 Stiven Ransimen, *Vizantijska Civilizacija* (Subotica-Beograd: Minerva, 1964), 58.

3. Од средината на IX век до средината на XI век, или периодот на победата над законодавството на иконоборците. Тоа бил период на реакција на законодавството на иконоборците и истакнување на потребата за враќање кон Јустинијановото право, или уште се нарекува период на владеење на македонската династија. Најзначајни извори биле: Прохиронот, Епанагогата, Василиките, зборниците на новели на царевите Лав VI, Роман II Лакапин и Константин VII Порфирогенит и Фотиевиот Номоканон.
4. Од средината на XI век до паѓањето на Цариград во рацете на крстоносците 1204 година. Овде дошло до основањето на Високата правна школа во Цариград 1045 година, а се применувало законодавството на владетелите од династиите на Дука и Комнени. Исто така дошло до оживување и на интересот за Јустинијановото право.
5. Од 1204 година до паѓањето на Цариград под турска власт во 1453 година. Најзначајни извори на правото биле: Синтагмата на Матија Властар и приватната збирка на Константин Арменопулос.[4]

Клучен период за овие односи претставува таканаречениот Златен период на Византиската империја (го означува победата над иконоборската криза од IX до XI век), економска стабилизација и воената консолидација, т.е. тоа е периодот во кој Империјата за прв пат стапила во контакт со Османлиите.

Во поглед на изворите на правото, несомнено е дека Византискиот император претставувал извор на правото иако евидентно е дека сепак правото останало нешто што ја надминува неговата духовна моќ. Од друга страна, самиот поим византиско право не означувал ист правен систем кога станува збор за VI и за IX век. Додека на почетокот тоа се засновало на своите римски корени, како во Јустинијановото време, подоцна, пред се како последица на промените во општествените односи и влијанието на црквата, истото се повеќе се здобивало со карактерот на средовековно византиско право, иако некои правни гранки или нивни делови во: облигационото право, делови на стварното право, семејното и наследното право, задржале поголем дел од елементите кои биле присутни во времето на Јустинијан. Сепак и покрај сите промени, тезата за суверенитетот на

4 Dragan Nikolić, *Fragmenti pravne istorije* (Niš: Gradina, 1997), 201.

правото, останала како траен принцип за време на целото постоење на Византиската империја. „Еден конкретен пример во овој правец е токму оној за младиот Андроник, кој во XIV век, повикан како бунтовник пред својот дедо, Императорот, ги освоил симпатиите на сите присутни, молејќи да биде суден по она што било над царот т.е. според законот".[5]

*Прв период* (*VII –VIII век*)

*Земјоделскиот закон* (*Nomos georgikos*) претставувал значаен извор на правото во Византиската империја. Во него биле содржани одредбите кои ги регулирале односите во селата. Како пример можеме да ги посочиме: кражбата на добиток, нанесување на штета на полето, неовластеното сечење на шумите и др. Со овој закон била озаконета слободната селска општина како посебна даночна единица и во исто време се штител ситниот и среден земјоделец. На овој начин истиот дејствувал во поглед на процесот на забавувањето на феудализацијата во византиското општество. Земјоделскиот закон предвидувал и даночна обврска која што подоцна прераснала во институцијата *alengion*. Оваа институција се состоела во обврската на соседите да и плаќаат данок на државата за напуштениот и необработен имот со право да го користат како свој. Во поглед на времето на неговото настанување, на прашањето за тоа дали се работи за приватна компилација или за службена збирка на прописи, како и на прашањето за потеклото на неговите одредби, постојат различни мислења. Во поглед на првото прашање, повеќето од авторите се согласни дека истиот настанал во времето на владеењето на императорот Јустинијан II, на крајот на VII и на почетокот на VIII век. Во однос на второто прашање, повеќе автори сметаат дека истите во својата суштина го одразуваат словенското обичајно право, па некои го нарекуваат и  Словенски закон. Речиси во исто време со Земјоделскиот закон во Империјата биле донесени и *Поморскиот закон* (*Nomos rodion*), којшто содржел одредби за одговорноста на сопственикот на бродот, одржувањето на редот на бродовите и др и *Воениот закон* (*Nomos stratiotikos*) кој содржел одредби за кривичните дела и дисциплинските престапи на војниците.

*Еклогата* била донесена од Лав III Исавријски, во 726 година од н.е. и истата претставувала избор на најзначајните одредби од

---

5 Билјана Поповска, *Историја на правото*, втор дел (Скопје: Студентски збор, 2007), 69.

Јустинијановиот законик од областа на кривичното и граѓанското право, притоа модифицирајќи ги во согласност со новонастанатите општествени услови и особено во согласност со христијанските начела. Евидентно е дека врз истата имало влијание и обичајното право на Истокот. Основната задача и причините за донесувањето на овој краток избор на законски одредби кој се состои од 18 титули биле посочени во предговорот на самиот Закон и тоа биле пред се во насока на промена во похумана насока, меѓутоа како што посочил самиот Лав III Исавријски: „...увидувајќи дека законите што ги донесоа претходните цареви се напишани во многу книги па смислата на тие книги за некои е тешко разбирлив, а за други е сосема неразбирлив... ги повикавме сите преславни патриции, преславниот квестор и преславните конзули како и другите коишто се плашат од Бога и им наредивме да ги соберат сите нивни книги, па откако сите тие (книги) грижливо ги прегледавме, најдовме за соодветно, употребувајќи го она што во тие книги е добро сработено и она што го изменивме со новите одредби, да ги собереме во оваа книга на појасен и покус начин, одредбите за почестите правни дела и договори, како и казните за кривичните дела, за да се утврди јасно силата на тие побожни закони, полесно да се пресудуваат цивилноправните спорови, праведно да се казнуваат престапниците и за да се спречат и да се поправат оние коишто се склони да чинат зло“.[6] – Она што е клучно дека со истиот Закон во исто време се извршила модернизација и скратување на Јустинијановото законодавство.

Во поглед на содржината на измените, тие ја намалиле власта на таткото во семејството (patria potestas) и ги прошириле правата на жените и на децата. Особено се подобрил статусот на жените кои со Законот добиле право за еднакво учество со мажот во заедничкиот имот и во грижата околу децата. Во поглед на склучувањето на бракот, под влијание на црквата, се признавал само христијанскиот брак, додека што се однесува до разводот, се наведувале само четири причини, и тоа: прељубата на жената, импотенцијата на мажот, обидот за убиство на брачниот другар и лепрата.

Поголеми промени биле предвидени во кривичното право, каде што смртната казна била заменета со телесно сакатење на сторителот, на пример: сечење на носот, на јазикот и на рацете, ослепување и тн.

6 Поповска, *Историја на правото*, 71.

*Втор период (Македонската династија)*

Владеењето на македонската династија започнало со доаѓањето на византискиот престол на Василиј I во 867 година од н.е. Во однос на правото, за време на Македонската династија било карактеристично враќањето кон Јустинијановото законодавство. Уште за времето на владеењето на Василиј I (867-886) била започната обемна законодавна работа со која што требало да се изврши ревизија на Јустинијановата кодификација и да се дополни со подоцна донесените закони. Самата збирка која што требала да се нарече „Чистење на старите закони" не била издадена за време на Василиј I, но послужила како основа за издавањето на Василиките или на т.н. Царски закони за време на владеењето на неговиот син Лав VI.

За време на владеењето на Василиј I биле издадени две збирки на закони и тоа: Прохиронот и Епанагогата.

Прохиронот бил донесен во периодот помеѓу 870 и 879 година и истиот бил замислен како правна збирка која содржела 40 титули од областа на приватното и јавното право. Истата требало да ја замени Еклогата во работењето на судовите, по примерот на Јустинијановите институции. Во поглед на јавното и наследното право, на Прохиронот, најголемо влијание имала Еклогата.[7]

Епанагогата, исто како и Прохиронот била донесена во времето на владеењето на Василиј I, во периодот по 879 година. Многумина од авторите сметаат дека истата претставува дополнето и преработено издание на Прохиронот, но не е утврдено со сигурност дали воопшто истата била официјална збирка на закони или претставувала само нацрт на законски текстови кои никогаш не стапиле на сила. Во однос на првото прашање, евидентно е дека иако Епанагогата се потпирала на Прохиронот, сепак во себе содржела и други правни одредби како што биле: Новелите на царот Василиј I, понатаму, одредбите за односите и правата и должностите на царот и на патријархот и одредбите на брачното право кои биле превземени од Еклогата.За разлика од Епанагогата, пак, Прохиронот прашањата од брачното право ги регулирал според Јустинијановата кодификација.

Во поглед на најзначајните нови одредби кои се однесувале на односите помеѓу државата и црквата, царот бил определен како „законска власт за општото добро на сите поданици", и приота неговата цел била „со своите добродетелства да ги одржи и да ги сочува постоечките

7 Поповска, *Историја на правото*, 73.

добра, да ги поврати изгубените добра, да добие со својата пожртвуваност и со праведните победи добра кои што недостасуваат".[8] Од друга страна, должностите на патријархот биле: да ги сочува чистотата и побожноста на животите на оние коишто му ги доверил Бог и истите да ги пренесе во православната екумена и во единството со Црквата со еретиците, безбожниците и со оние кои се одделиле од Вселенската црква.[9] Врз основа на овие овластувања, владетелот се грижел за материјалната благосостојба на своите поданици, а патријархот за духовниот живот, при што во симбиозата на црковната и световната власт се создала симфонијата во која взаемно дејствувале општествено-политичките односи во Византиската империја.

Царските закони или Василиките биле објавени во вид на збирка на закони од правото од страна на византискиот цар Лав VI, кон крајот на IX век од н.е. и истите претставувале понатамошна обнова на Јустинијановото право, првенствено потпирајќи се на Дигестите и на Кодексот, како и на Јустинијановите Институции и на Новелите на Јустин II и на Тибериј II. Во истите, имало и делови кои биле превземени од Прохиронот. Во нив биле содржани одредби од граѓанското, црковното и од јавното право кои биле собрани во 60 книги и истите претставуваат најголема кодификација на правото по Јустинијан I.

Василиките имале широка примена како извор на правото во Византиската империја, бидејќи во голема мера ја олеснувале примената на правото во конкретни случаи, со тоа што биле отфрлени застарените и веќе порано укинатите норми на Јустинијановото право, а воедно нормите коишто се однесувале на определено правно прашање, биле распоредени на исто место, што недостасувало во класифицирањето на Јустинијановата кодификација. Значајно е да се каже и тоа дека, по донесувањето на Василиките, во периодот од X до XIII век, истите биле дополнувани со коментари, кои претставувале формален извор на правото во Византиската империја.

Новелите на Лав VI, претставувала збирка на закони, која што содржела 113 одредби, коишто се однесувале на различни прашања. Со истите, царот Лав VI, ја зацврстил централната власт и формално ги укинал законодавните права на Сенатот.[10]

---

8 Nikolić, *Fragmenti pravne istorije*, 206.

9 Nikolić, *Fragmenti pravne istorije*, 207.

10 Srđan Šarkič, Dragoljub Popović, *Veliki pravni sistemi i kodifikacije* (Beograd: Savremena Administracija, 1993), 79.

*Трет период (XIV век)*

Во овој период на развојот на правото во Византиската империја, во поглед на кодификаторската дејност, биле донесени две позначајни збирки на правото, кои всушност претставувале приватни компилации. Тоа биле: Синтагмата на солунскиот јеромонах Матија Властар, која датира од 1335 година и Шестокнижието на солунскиот судија и номофилакс Константин Арменопулос, од 1345 година.

Синтагмата на солунскиот јеромонах Матија Властар ги содржела сите канони и сите правни норми на световното право кои се однесувале на црковните прашања, додека Шестокнижието на солунскиот судија и номофилакс Константин Арменопулос, содржело одредби од граѓанското и од кривичното право, кои имале за цел да го дополнат Прохиронот. Оваа збирка на закони е карактеристична по тоа што истата останала како извор на позитивното право и по пропаста на Византиската империја и тоа на теренот на Грција, Влашко и Молдавија. Во Грција, по нејзиното формирање како држава во првата половина на XIX век, било користено како позитивно право.

Заклучок

Можеме да заклучиме дека византиското право во својата материјална смисла, се потпирало на римското право. Во текот на својот развој, врз истото извршиле влијание пред се феудализацијата на Византиската империја, големото влијание на црковното право, а воедно свој белег оставиле и различните обичаи на поданиците кои живееле на различни краишта низ Империјата. Во таа смисла, еден од позначајните правни извори од XIV век, кои имале огромно влијание на Балканскиот Полуостров е погореспоменатата Синтагма на Матија Властар, која за времето на владеењето на царот Душан, била преведена на словенски јазик. Во истата биле компилирани Прохиронот, Василиките и подоцнежните Новели.[11]

Особено во периодот на класичниот феудализам ( XIII – XIV век), на Балканскиот Полуостров, покрај обичајното право, како извори на правото се применувале сите законици кои важеле во Византиската империја, со тоа што во периодите кога на одредена територија владеела Бугарската средновековна држава, важело бугарското

11 Билјана Поповска, *Државно-правна историја на Македонија од VII до XX век* (Скопје: 2-ри Август С, 2010), 68.

феудално право, а за време на Српската феудална држава, се применувале изворите на правото кои важеле на територијата со која владеела Србија.

Особено во периодот на владеењето на бугарската средовековна држава, покрај словенското обичајно право, се применувале и сите оние пишани извори кои што претставувале рецепција на византиското право, со оглед на тоа што бугарското феудално право било неразвиено.

Од богатата историска ризница која ја поседуваме за периодот на владеењето на Византиската империја, неминовен е впечатокот дека истата има исклучително значење, не само за минатото (културно и историско наследство) туку и за разбирањето на сегашноста, особено во поглед на огромното влијание врз развојот на правото на целата територија со која владеела оваа голема Империја. Во нејзиниот состав покрај Балканскиот Полуостров, влегувале и Мала Азија, Сирија, Палестина, Египет, Киренаика во Северна Африка, дел од Месопотамија и Ерменија, неколку упоришта на Крим (Херсонес) и во Грузија, делови од Арабија, Илирик и Далмација. Мноштвото на различни народи и племиња во нејзиниот состав ја сочувале својата самобитност, локалните јазици, обичаите и културата. Од тие причини, правните извори кои ги поседуваме на располагање имаат особено битно значење преку кое можеме да ги разбереме не само степенот на општествен развој во Византија, туку и влијанието на обичајното право врз правните норми кои важеле во различни периоди од нејзиното владеење.